# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 31.03.2015 година**

### Член 1

Во Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија" број 23/13), во членот 5 став (2) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- вршење на услуги од страна на земјоделската задруга за наводнување на земјоделските површини преку користење на системи за наводнување врз основа на претходно склучен договор со надлежниот субјект за вршење на водостопанска дејност и."

Алинејата 6 станува алинеја 7.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Начинот на вршење на дејноста преку соработка во вршењето на услугите од ставот (2) алинеја 6 на овој член поблиску го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство."

### Член 2

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".